Годишен извештај
за 2018 година

Скопје, март 2019

Прочитајте

I. За Конект 2
II. Конект во 2018г. низ бројки 5
III. Филантропија 6
Донаторски календар 9
IV. Социјално претприемништво 9
V. Унапредување на општествената одговорност 10
Бизнис клуб 10
Програми на Клубот на одговорни бизниси 11
Училишен проект на ЕВН Македонија – Нова генерација 13
VI. Поддршка за граѓанските организации 17
VII. Глобален договор на Обединетите нации 19
Известување за вклученост 19

I. За Конект

Веруваме дека Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Се стремиме да изградиме општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат преку донации, волонтирање и сопствена одговорност и ќе придонесат за рамномерен одржлив развој на заедниците. Докажуваме дека граѓанските организации се природен партнер на граѓаните и претпријатијата во остварувањето на оваа визија. Така, се стремиме да развиваме одржливи партнерства помеѓу граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор.

Од 2008-та, Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој на Македонија. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Општествената одговорност на претпријатијата (ООП) е неминовен начин на водење бизнис што обезбедува одржлив развој како на бизнисот, така и на општеството. Имено, кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Работиме со и за:

- Бизнисите (компании и мали и средни претпријатија);
- Индивидуалци и семејства што донираат;
- Непрофитни субјекти: граѓански организации и социјални претпријатија;
- Јавните институции.

Главни полиња за работа

- Општествена одговорност на претпријатија (ООП);
- Филантропија;
- Социјална економија;
- Волонтерство;
- Одржлив развој.

Имаме експертиза за (избор):

- Стратешко обмислување на општествената одговорност на претпријатија;
- Стратешка индивидуална и корпоративна филантропија;
- Истражување во полињата на работа;
- Развој и анализа на јавни политики;
- Социјално претприемаштво и градење капацитети во овој домен;
- Градење капацитети и техничка помош за институции, претпријатија и граѓански организации (ГО);
- Овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства.

Како ја остваруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме луѓето насекаде низ нашата земја да ги осмислат своите донации, бидејќи и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да постигне вистинско влијание во општеството.
- Ја промовираме и поттикнуваме општествената одговорност на претпријатијата.

Што правиме?

- Директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- Застапуваме за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- Изготвуваме анализи, истражувања и извештаи;
- Споделуваме добри практики и споредбени искуства;
- Им даваме поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции итн) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- Го поддржуваме градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

Во периодот на известување Конект е:

- Секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации[1] ;
- Претставник на локалните мрежи на Глобалниот договор од Источна Европа во Локалната советодавна група на ГД;
- Членка на Националниот совет за развој на волонтерството[2];
- Член на Националното координативно тело за ООП на РМ;
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO[3];
- Членка на Американската стопанска комора во Македонија (AmCham);
- Основач на мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации која брои 82 ГО;
- Членка на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата,
- Имплементатор на MAMFORCE стандардот за Македонија.

Активностите во периодот беа поддржани од:

- Европската Унија (проект: „Промени за одржливост“, проект: „Градење меѓу-секторски партнерства за одржлив развој“; проект: „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“; проект: „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и во приватниот бизнис – сектор“.);
- Програмата Цивика мобилитас - Швајцарската агенција за развој и соработка;
- Министерството за економија на РМ;
- Корпоративни донатори.


[1] United Nations Global Compact
[2] Во 2016 Извршната директорка на Конект е Претседателка на НСРВ
[3] United Nations Industrial Development Organization

II. Конект во 2018г. низ бројки

Оваа година одржавме **прв Донаторски кружок** на кој здруживме **68 индивидуални донатори кои донираа 300.000 ден за 3 граѓански организации.** Продолживме да координираме со програмата за корпоративно волонтирање што до сега вклучи **126** вработени во **11** волонтерски активности во **8** општини. Направивме **9** поврзувања на ГО со компании, а за компаниите обезбедивме **низа услуги** за подобрување на нивните ООП практики.

Вклучивме над **150** претставници на граѓанскиот сектор и институциите во активен дијалог за подобрени политики и закони за граѓанските организации. Мрежата за финансиска одржливост на ГО брои **82 ч**ленки. Формиравме и **2** меѓу-секторски тела за дијало за политики. Ги градевме капацитетите на граѓанските организации со организирани **6** специфични обуки. Доделивме **16** грантови на грас-рут граѓански организации.


Преку нашите кампањи, а посебно со кампањата да Да дониараш е љубов имавме **39** медиумски објави и **2** видеа. Допревме до над **20.000** граѓанки и граѓани. За нив предложивме **12** паметни идеи за донирање во ГО. Продуцираме: видео, публикација/анализа, летоци и промотивни материјали. Се стремиме кон повеќе ...



Активностите опишани во овој извештај се финансирани од следните донатори и проекти:

Институционален грант на Цивика мобилитас, МЦМС	1.161.946,00
ЕВН волонтира, ЕВН Македонија	123.000,00
Промени за одржливост, Европска комисија	3.232.194,00
Интегритет и анти-корупција во бизнис секторот, Европска комисија	3.031.794,00
Социјално претприемништво: учење од практика и промоција, Министерство за економија	174.119,00
Градење меѓу-секторски партнерства за одржлив развој, Европска Унија преку Министерство за финансии	7.455.567,00

Граѓанското општество посилно со бизнисот и граѓаните, Европска Унија преку Министерство за финансии	932.006,00
Донации од физички лица (вклучително и Донаторски кружок)	423.044,00
Донации од компании за Донаторски кружок	28.037,00
Донации за учество на меѓународни настани	153.109,00
Приходи од камати и позитивни курсни разлики	66.386,00
Приходи од сопствена дејност	455.423,00
Пренесен вишок од минатата година	19.168.702,00
Вкупно	**36.405.327,00**



Вкупните приходи во 2018 година изнесуваа 36.405.327,00 денари, а расходите 19.144.552,00 денари. Разликата во најголем дел се јавува поради проектни средства префрлени кон крајотна годината чии активности ќе се реализираат во 2019 година. Во организацијата беа вработени девет лица на седум работни позиции со полно работно време. Месечната бруто плата на извршната директорка изнесува 111.726 денари. Таа не прима додатоци на платата од Конект по било кој друг основ. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:2,69, додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,89.

Погледнете го деталниот финансиски извештај на Конект за 2018 на следниов << линк >>

III. Филантропија

Конект ја поттикнува стратешката индивидуалната и корпоративната филантропија насочена кон решавање на проблемите и нивните причини, наместо за ублажување на

последиците. Во оваа насока, посочуваме дека граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнис заедницата преку коишто тие можат да извршат промена во заедниците во кои живеат и делуваат. Затоа, работиме за креирање услови за одржлив развој на граѓанските организации и градење на нивните капацитети за поврзување со локалните донатори и поддржувачи.

Градиме односи со корпоративните донатори, но и со индивидуалните за да покажеме дека и малите донации кога ќе се здружат можат да направат промена.

Прв Донаторски кружок - „Придружи се. Испланирај. Донирај.“



Водени од нашата мисија, во јуни 2018 г. Конект го организираше првиот Донаторски кружок во Македонија како платформа која им овозможува на индивидуалните донатори паметно да ја насочат својата донација во доверливи граѓански организации. Под мотото ***„Придружи се. Испланирај. Донирај.“*** На првиот донаторски кружок Конект одбра три ГО кои ќе се претстават на настанот и со кои беа одржани средби за менторирање и подготовка за успешно презентирање на својата мисија. Тоа се организациите Отворете ги прозорците, ХОПС и Вилсон Македонија. Донаторскиот кружок соедини 68 индивидуални донатори кои донираа, и повеќе од 30 поддржувачи на организациите и ја постигна целта - собрани по 100 илјади денари за секоја од организациите. 68 граѓани донираа 300 илјади денари за 3 граѓански организации.

Копче за донирање

Конект секогаш е на страната на донаторите (индивидуални и корпоративни) и токму затоа им нуди достапен и директен начин на донирање исклучиво во граѓански организации од доверба. Градењето на долгорочна врска придонесува кон одржливост на иницијативите од значење за заедницата. Со цел да се олесни донирањето и директно да се поддржат заложбите за промени во општеството, Конект работи на надградување на системот за донирање преку поставување Копче за донирање на веб платформата. Он-лајн копчето за донирање претставува начин директно да се поддржат заложбите за кои можат да се постигнат со здружени донации. Тоа овозможува потенцијалниот донатор индивидуално и самостојно да ја донесе одлуката каде и колку средства ќе донира.

Исто така, како постојана достапна алатка е и првиот онлајн квиз со кој преку одговарање на едноставни прашања може да видите кој тип на донатор сте и соодветно да ги насочите донаторските активности. Квизот може да го направите на следниов <<линк>>. Оваа алатка е изработена за потребите на кампањата „Да дониираш е љубов“ која ја спроведуваше Конект во 2017г. со цел подигнување на свеста кај граѓаните и компаниите за потребата и користа од обмислено, планирано и стратешко донирање, особено во граѓанските организаци

Ознака за доверба



Ознаката за доверба за граѓански организации претставува само-регулирачки систем што на граѓаните и компаниите им го олеснува изборот на доверливи организации во коишто можат да донираат. Таа се стреми долгорочно да ја зголеми довербата помеѓу граѓанските организации (ГО) и локалните донатори. Ознаката се добива преку внимателно креиран процес и низа критериуми за транспарентност, отчетност, резултати од работењето, почитување на законската регулатива итн. Методологијата е развиена од Европскиот Центар за непрофитно право[4]. Граѓанските организации коишто ја поседуваат ознаката за доверба се добри партнери на граѓаните, но и на останатите чинители во заедницата. Концептот беше развиен во 2016-та, а во 2017-та година беше завршено тестирањето на шемата за сертифицирање на 5 организации. Првиот чекор за добивање на ознаката за доверба е процесот на само-оценка со одговарање прашалник усогласен со критериуми што треба да ги исполнува организацијата за да ја добие ознаката. По процесот на самооценка, одбор составен од 6 независни члена (експерти од областа граѓанскиот сектор, бизнисите и ревизорските куќи), врши проверка на организациите којшто го одговориле прашалникот. Доколку мислењето на членовите на одборот е позитивно ознаката и се доделува на организацијата, доколку е негативно се дефинираат препораки за подобрување со цел исполнување на критериумите од прашалникот.

Во пилот фазата од имплементацијата на системот беа вклучени 5 организации коишто успешно го поминаа процесот на оценување и се здобија со ознаката за доверба. Организации коишто ја добија ознаката за доверба се:

1. Здружение ХОПС - Опции за здрав живот
2. Здружение за асистивна технологија Отворете ги прозорците
3. Сојуз на извидници на Македонија
4. Еколошко друштво Планетум
5. Фондација за културни и образовни иницијативи Чекор по чекор

По завршувањето на пилот процесот ознаката информациите и документите што се поврзани со шемата беа објавени на веб страната на Конект и се достапни за сите граѓански организации и пошироката јавност да може да се информираат за нејзиното значење и процесот на добивање.

Конект секогаш се грижи да ја промовира и презентира Ознаката за доверба помеѓу ГО во рамки на настаните кои ги спроведува. Имено, во 2018-та Конект ја презентираше Ознаката за доверба на три настани. Односно, на настанот за Формирање на мрежа за финансиска одржливост учествуваа голем број граѓански организации кои беа засегнати со значењето на Ознаката за доверба. Во рамки на овој настан беше поделен информативен материјал и

[4] European Center for Not-for-Profit Law – ECNL

формулари за самоевалуација на заинтересираните страни и може да се заклучи дека 50 претставници од ГО беа запознаени со Ознаката за доверба.
Исто така, но во помал обем, на обуката за Финансиски менаџмент и транспарентност на ГО, сите учесници беа запознаени и информирани за добивката и значењето на Ознаката за доверба. Конект и понатака ќе ја промовира Ознаката за доверба и ќе работи во насока на поддршка на ГО при нивен интерес за здобивање со истата.

Донаторски календар



По осми пат во 2018-та во соработка со „ПОРТРЕТ“ го подаривме донаторскиот календар за сите оние што сакаат да направат нешто добро во текот на годината. Редовно го користиме како потсетник со идеи што покажуваат дека и со малку може да се направи промена ако донацијата оди во прави раце. Секој месец низ целата година споделуваме идеи на социјалните мрежи и блогот на Конект. На тој начин промовиравме 12 граѓански организаци како одговорни примателиа на донации и поддршка.

Дизајнот на изданието за 2018г. го изработи и дониираше Матеја Николиќ.

IV. Социјално претприемништво

Посветено придонесуваме за развојот на социјалното претприемништво. Концептот на користење на претприемачки вештини за градење на позитивни промени во заедницата базирани врз вредности е сврзан за нашата мисија. Конект е фокусиран на околината на екосистемот за развој на социјалното претприемништво на локално и регионално ниво. Се градеа капацитетите на постојните и потенцијалните социјални претпријатија. На тој начин придонесовме за одржлив и долгорочен економски развој на Македонија. 75 претставници од бизнис секторот, институциите и социјалните претприемачи кои се поддржувачи на социјалната економија беа дел 3 обуки (Тетово, Струмица, Битола). Поширокатa јавност се запозна со можностите за финансирање на локалните социјални претпријатија преку промотивните материјали: Леток – Поддржи ги социјалните претпријатија и продукција на видеото „Зошто да ги подржиме локалните социјални претпријатија?“ Го спроведовме проектот „Поддршка за развој на локални социјални претпријатија“. Во рамки на проектот се одржаа три обуки во три различни града во Македонија.





На 21.03.2018г. еднодневната обука за социјално претприемништво се одржа во социјалното претпријатие „Покров“ од Струмица (с.Баница), на 23.03.2018г. се одржа обуката во Тетово, во Центар за обуки и јазици „Флуент“ и последната се одржа на 28.03.2018г. во Битола во хотел „Треф“. Сите три обуки се одржаа со поддршка на три локални граѓански организации кои логистички и организациски се погрижија за успешноста на обуките. За обуката во Струмица, во организацијата помогна Здружението „Избор“ заедно со социјалното претпријатие „Покров“, за обуката во Тетово, помогна Здружението „ИРЗ – Институт за развој на заедницата. Здружение „Форум 16“, го поддржаа организирањето на обуката во Битола. Сите три обуки се одвиваа во три сесии. Секоја со различна цел и намена кон целните групи. Првата сесија за социјално претприемништво „Од нула до кула“ беше да ги информира и инсприра учесниците за отворање или поддршка на социјални претпријатија, преку претставување на успешни примери на социјални претпријатија. Втората сесија беше за поддршка на социјалното претприемништво. Во овој дел од обуката присутните имаа можност да научат како да соработуваат со социјалните претпријатија и како да ги поддржат во нивната работа, а со тоа и да ја остварат својата општествена одговорност. Третата сесија од обуките беше Практична сесија за развој на социјалните претпријатија и таа беше со посебен фокус кон потенцијални претприемачи и развој на постоечките, но не ги исклучуваше и другите учесници.

Обуките овозможија да се градење на капацитетите на постојните и потенцијалните социјални претпријатија. Преку активностите на проектот се промовираше значењето од поддршката за социјалните претпријатија особено од бизнис секторот и институциите. Обуките придонесоа и за градење на свеста на бизнис секторот и општините за потребата од стратешка и финансиска поддршка на социјалните претпријатија и социјалната економија.

V. Унапредување на општествената одговорност


Континуирано работиме на едукација на претпријатијата и соработка со нив со цел да поттикнеме ефикасно и долгорочно општествено влијание на претпријатијата и нивно активно вклучување во заедницата. Преку специјализирани решенија или постоечки добри практики им помагаме на фирмите да идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за успешна филантропија и ООП.

Бизнис клуб

Стратешки ги структуираме иницијативите и поддршката на компаниите за општествена одговорност во концептот за Клубот на одговрни бизниси што го обмисливме во 2016-та година. Клубот влијае во повеќе насоки. Од една страна тој е место каде општествено одговорните компании ги здружуваат своите ресурси во заеднички во постојни стручно обмислени програми што имаат конкретни ефекти. Притоа активностите на клубот не се

замена за интерните приоди кон ООП на членките туку се комплементарни. Клубот нуди можности членките директно да се вклучат во активности без самите да ги организираат и обезбедува простор за обмислување на дополнителни приоди. Понатаму, клубот обезбедува градење на капацитетите на членките и го поттикнува нивниот напредок во исполнувањето на општествената одговорност преку креирање на цели за постигнување (т.н. предизвици) со







обезбедена поддршка. Програмите на клубот ќе градат соработка со граѓанските организации и институциите посветувајќи се на трајни решенија.

Клубот претставува уникатна платформа за здружување на иницијативите, идеите и ресурсите на компаниите заради реализација на поголеми и посложени проекти кои ќе имаат значајни ефекти врз животот на луѓето, просперитетот на заедниците и одржливиот развој.

Програми на Клубот на одговорни бизниси

Во изминатите години Конект разви повеќе активности и програми за Клубот на одговорни бизниси. Тие се подготвени врз база на повеќе истражувања, анализа на потребите и искуствата на нашите партнери Business in the Community. Притоа, земени се во предвид најгорливите општествени предизвици каде бизнисот е директно засегнат и може да влијае на подобрување на состојбите. Активностите се преточени во 3 програми и 2 подпрограми.

Невработеноста на младите лица во Македонија е поголема од 50% затоа ова е еден од главните општествени проблеми којшто е опфатен со **програмата за младинско вработување.** Бизнисот може значително да влијае за намалувањето на невработеноста кај младите со учество во иницијативите на програмата, со отварање на своите врати за младите, поддршка за полесно да се приспособат на работното место и менторска поддршка за младите од маргинализирани групи. Оваа програма е составена од две помали програми. 1) **Подготвени за работа,** која ќе им помогне на младите во подготовката за барање и наоѓање на работно место. Притоа, компаниите ќе овозможат обуки за младите лица во компаниските простории, ќе се запознаат подобро со работењето на компанијата и ќе имаат можност да бидат дел од

вежба - интервју за работа за коешто ќе добијат соодветен фидбек. 2) **Целиме повисоко** ќе ги насочи и инспирира младите лица од маргинализирани групи да ја планираат својата кариера. Целиме повисоко се стреми да им помогне на млади лица од ромската заедница да се интегрираат во општеството, да продолжат со образованието или да се вработат преку менторска поддршка еден на еден.

Во насока на програмата за младинско вработување Конект потпиша меморандум за соработка со Националниот младински совет на Македонија со цел воспоставување соработка во рамки на проектот на НМСМ "WeB4YES - Организации на граѓанското општество од Западен Балкан во Поддршка на вработувањето на младите". Проектот е иницијатива на регионално ниво чија цел е да се направат промени по донос на прашањето за вработување и можноста за вработување меѓу младинските граѓански огранизации и државните власти на земјите од Западен Балкан.

Корпоративно волонтирање значи донирање на дел од работното време на вработените за доброто на заедницата и на нејзините членови. Програмата за корпоративно волонтирање претставува општествено одговорна практика којашто се применува во сите поразвиени земји. Со оваа програма вработените од компаниите добиваат можност да волонтираат во непрофитна организација во работно време.

Програмата за менторирање претставува можност знаењето и умеењето на претпријатијата да се стави во функција на поддршка на заедницата преку јакнење на капацитетите на граѓанските организации. Менторирањето претставува двонасочен процес, бидејќи од него имаат придобивки и менторите (вработените во претпријатијата) и менторираните (вработените во ГО).

Програма за менторирање

Конект работеше на надградба на програмите на Бизнис клубот. Во соработка со Џуниор Ачивмент Македонија и Американ колеџ Скопје, се реализираше еднодневна обука за претприемништво за 10 млади во Кавадарци, на 27.06.2018г. Целта на обуката беше да се влијае врз свеста на младите дека бизнисите може да играат важна улога во овозможување на пат кон подобра иднина, а при тоа и тие да имаат корист.

Следно, преку програмата за менторирање „Поддршка за развој" на Клубот за одговорни бизниси, Конект обезбеди бизнис волонтери на Иновативниот камп за средношколци организиран од страна на Џуниор Ачивмент. Натпреварот имаше за цел да им овозможи на учениците што поблиску да се запознаат во современиот начин на работа и да ги мотивираат да размислат проактивно и своите идеи да ги спроведат во работата. Иновативниот камп е еднодневен настан на кој на учениците им се поставува "бизнис предизвик" - задача што претставува еден од актуелните бизнис проблеми. Конект ја поддржа оваа активност и обезбеди бизнис ментори од неколку компании и тоа од ТИНЕКС, ПР Агенција IMAGE PR, Конект и Американ Колеџ, Скопје. Улогата на бизнис волонтерите обезбедени од страна на Конект беше да се вклучат во тимовите за да споделат знаење и искуство со средношколците, промовирајќи ја својата компанија во заедницата како и да инспирираат и поттикнат млади амбициозни луѓе. Целта беше да се овозможи различен и креативен работен ден на вработените од компаниите - членови на клубот на одговорни бизниси на Конект, да излезат од своето секојдневие и да инвестираат во младите за развивање на претприемачкиот дух.

MAMFORCE Standard

Овозможивме уште една општествено одговорна практика наменета за компаниите и другите организации - MAMFORCE стандардот.

MAMFORCE стандардот им се доделува на компаниите што успешно ја организираат работата и работната средина почитувајќи ги принципите на балансиран професионален и приватен живот, семејна одговорност, родова еднаквост и еднакви можности за професионален развој и напредување. Во Македонија првиот MAMFORCE стандардот го доделивме на компанијата Оне.Вип. Компанијата помина низ низа проверки и анализа на податоците на внатрешното работење. Со добивањето на овој стандард тие се обврза на воведување на дополнителни мерки за подобрување на балансот помеѓу приватниот и професионалниот живот на своите вработени и за еднакви можности за усовршување, напредување и развој на кариерата, по што би остварile право за стекнување на напреден MAMFORCE Standard.

Во 2018-та имплементацијата на MAMFORCE стандардот е за 5 компании овозможена преку проектот „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“, проект финансиран од Европската Унија. За потребите на проектот беше објавен јавен повик за поддршка во имплеметнтацијата на MAMFORCE стандардот за 5 компании. На повикот се пријавија 9 компании, од нив беа избрани 5 на основа на нивната мотивација, како и моментална состојба во компанијата. Спроведувањето на имплементацијата ќе се одвива во 2019-та.

Училишен проект на ЕВН Македонија – Нова генерација

По една деценија успешно спроведување на Училишниот проект на ЕВН Македонија чијшто координатор беше Конект, оваа година проектот се трансформираше и работилниците коишто до сега се спроведуваа се преточија во онлајн платформа. Новата веб платформа го носи името „Нова генерација“ и се обраќа до новите генерации на потрошувачи на електрична енергија за да ги едиуцира како разумно и безбедно да ја користат. Целни групи на оваа веб платформа се деца, родители и наставници.

Веб платформата www.novageneracija.mk претставува продолжување на Училишниот проект на ЕВН Македонија и има интерактивен карактер која нуди совети за штедење, игра за добивање на електрична енергија од алтернативни извори и многу експерименти коишто ќе може да се направат дома.

Корпоративно волонтирање – ЕВН Волонтира

Корпоративно волонтирање е интернационална општествено одговорна практика за вклучување на вработените во волонтерски активности што не се дел од оперативното работење на претпријатието. Во 2017та година со експертизата од Конект се разви програмата за корпоративно волонтирање ЕВН Волонтира. Како дел од програмата сите вработени имаат можност да посветат 8 платени работни часа на волонтирање во своите локални заедници. Конект ја подготви целата методологија за имплементација на програмата и интерна веб платформа за информирање и пријавување на волонтери. Вработените имаат можност да изберат една активност од понудените волонтерски активности или пак да состават тим и да предложат своја активност. Сите активности се реализираат во соработка со непрофитни организации и со програмата сакаме да ги мотивираме вработените да бидат свесни за работата на организациите и промените што ги креираат во заедниците. Програмата ги мотивира вработените и сами да истражуваат во своите заедници и да ги детектираат потребите коишто со заеднички волонтерски ангажман може да се задоволат.









Во 2018 г. беа спроведени 11 активности од 126 волонтери во 8 различни општини низ Македонија. Сите досегашни волонтери искажаа задоволство од програмата и повторно би сакале да волонтираат. Програмата за корпоративно на ЕВН Македнија е успешен пример што ги мотивира и другите компании да се вклучат во ваков вид активности засебно или заеднички.

Конектирај се!©

Во нашето работење, особено внимание посветуваме на градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции, заедниците и индивидуалците. Веруваме дека ова е единствен начин за градење вистински позитивни промени и во нашето работење го поттикнуваме овој дијалог и соработка. Сервисот за поврзување на граѓански организации со компании, има за цел пренесување на вештините и знаењата од компаниите на граѓанските организации и социјалните претпријатија. Преку „Конектирај се“ граѓанските организации може да добијат поддршка за својата работа од страна на претпријатијата. Поддршката може да биде во различна форма, во зависност од потребите и достапните ресурси на претпријатијата.




Во 2018г. на настанот „Создаваме соработка помеѓу граѓанските организации и компаниите: Конектирај се!“ воспоставени се 9 поврзувања меѓу ГО и бизнисите. По прв пат како дел од Конектирај се! е организиран настан за брзо поврзување меѓу компании и граѓански организации, а процесот за нивно партнерство е во тек. Конект како посредник на настанот им овозможи на претставниците од двата сектора создавање првичен контакт како и стекнување подобар увид за можните придобивки од заедничкото делување. Првичните извештаи покажуваат успешно конектирање на граѓански организации со различни мисии со компании од различни индустрии.

Последователна комуникација се одржа со партнество помеѓу Фондацијата Чекор по чекор и издавачката куќа Вермилион која за нив оддели 1200 книги со кои се збогатија библиотеките на училиштата во руралните средини. 15 наслови беа донирани во 39 училишта. Конект ја советуваше компанијата за како на соодветен начин да ја промовира оваа добра практика во јавноста.

Приказни од Конектирај се!

Со сертификат 100% органско и со ознаки кои го гарантираат растителното производство производите на социјалното претпријатие ПОКРОВ од Струмица се најдоа на полиците на маркетите „Тинекс“. ПОКРОВ и „Тинекс“ ги **поврза Конект** преку сервисот Конектирај се!



За оваа соработка да покаже резултат, Конект посредуваше помеѓу ПОКРОВ и „Тинекс“ и даде придонес во развојот на нивното партнерство. За партнерството да биде успешно Конект ги обезбеди сите потребни информации и вештини кои помогнаа за поефикасна соработка помеѓу ПОКРОВ и „Тинекс“. Компанијата „Тинекс“ во својата стратегија за развој ја опфаќа и поддршката за социјалното претприемништво, бидејќи само одржливо социјално претпријатие значи економски зрела заедница. Токму и тоа е мисијата на сервисот на Конект, Конектирај се! – поврзување на компании кои во вложувањето во заедницата гледаат инвестиција за општо добро и за долгорочни промени.

Бизнисот и човековите права

Во рамките на проектот „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“, кој се спроведува со поддршка на Европската Унија, Конект ги преведе „Водечките принципи за бизнис и човекови права“ на македонски и албански јазик. За оваа цел, Конект потпиша договор за лиценцирање на преводите на публикацијата со Идаваштвото на Обединетите Нации и доби права на издавање во рок од 3 години.

За потребите на проектот беше направено истражување за почитувањето на човековите права во бизнис секторот во Република Македонија, во која беше извршен дигитален мониториг на 59 компании, анкетно истражување на 105 компании и интервјуа со 8 експерти од областа. Резултатите од истражувањето, кое беше спроведено од страна на Девелопмент Солушнс (Де-Со) јавно ќе бидат објавени во 2019та година.

Една од активностите во „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“ е и основање на меѓусекторска работна група за имплементација на Водечките принципи на ОН. За оваа цел беше формирана работна група составена од членови од министерствата, стопанските комори, синдикатите и невладиниот сектор. Во средбите на оваа група се дискутира за можен Национален Акциски План за имплементација на ВПОН во Северна Македонија.

Оваа работна група, беше дел и од првата обука која се спроведе во рамките на проектот, а тоа беше обуката за Водечките Принципи за бизнис и човеови права, која се одржа на 5.10.20118 во хотел Александар 2 во Скопје. Предавач на оваа работилница беше Питер Хол, експерт за ВПОН, од Меѓународната организација на работодавачи.

Градење меѓусекторски партнерства за одржлив развој

Целите за одржлив развој претставуваат поттик кон градење партнерства и заеднички активности на граѓанските организации (ГО), бизнис секторот и институциите. Нивната сплотеност во работењето е со цел постигнување промени кои позитивно ќе влијаат на развојот и заедниците. Преку проектот „Градење меѓу-секторски партнерства за одржлив развој“, финансиран од Европската Унија, Конект ќе придонесе за зајакнување на дијалогот меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор, како и активно учество на граѓанското општество во остварување на одржлив развој во земјата како дел од процесот на интеграција во ЕУ. Соработката помеѓу ГО, бизнис-секторот и јавните институции ќе генерираат идеи за заеднички иницијативи за одржлив развој.

Во изминатата година во рамки на проектот посебно внимание се посвети на мапирање на приоритетните цели за одржлив развој по региони. Важна целна група на проектот се компаниите, бидејќи преку платформата на Целите за одржлив развој тие можат да го доведат својот бизнис во нова ера и димензија на долгорочен план.



За таа цел беа организирани 3 регионални работилници – тркалезни маси и една национална работилница во Скопје на која беа присутни повеќе од 150 преставници на бизнис секторот, инситуциите и граѓанскиот сектор.

Работилниците се одвиваа по методологијата на мрежата на Глобалниот договор на ОН. Членките компании на локалната мрежа на Глобалниот договор во нашата земја беа активнос вклучени во активностите на работилниците.

Со работилниците се мапираа приоритетни цели за кои треба да се изградат цврсти меѓу-секторски партнерства за да се постигне одржлив развој. Преку заедничката работа на целните групи во проектот и на работилниците се:



- Мапираа и идентификуваа специфичните улоги на засегнатите страни,
- Идните активности и дијалози меѓу засегнатите страни кои ќе бидат превземени,
- Идентификувани предлог-приоритетните Цели за одржлив развој за кои засегнати страни веруваат дека нудат најмногу можности за развој на партнерства,
- Дијалог за идентификувани пристапи кои се однесуваат на клучните општествени предизвици;
- Вмрежување и поврзување на клучните засегнати страни од различни сектори;
- 8) Мапирани на засегнатите страни кои имаат интерес да се ангажираат за да ги унапредат можностите околу приоретизирање на Целите за одржлив развој.

VI. Поддршка за граѓанските организации

Конект ги поттикнува граѓаните и компаниите своите донации да ги насочат кон граѓанските организации, бидејќи на тој начин може да се постигнат директни социјални промени во заедниците. Затоа Конект креира активности што ќе овозможат подобар даночен третман на ГО и алатки коишто ќе придонесат за градењето на нивните капацитети. Конект ги обединува ГО во мрежа за застапување за законски измени што ќе овозможи поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Мрежата застапува за поволни промени во следните области:

- Даночниот третман на ГО;
- Даночните олеснувања за донации и спонзорства за ГО и поврзување со статусот на организации од јавен интерес;
- Сметководствениот систем за непрофитни организации;
- Статусот на ГО како работодавачи и поддршка за вработување во граѓанскиот сектор преку активни мерки за вработување.

Интересот заеднички да работиме за законски измени што ќе овозможи поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор во 2018-та растеше. На 15.02.2018 се обзнани формирањето на Мрежата за финининансиска одржливот и нејзините тела која до крајот на годината вклучи 80 членки. За да се приклучите погледнете го овој <<линк>>



На настанот се отвори дијалогот за важноста од промени во даночната регулатива, Законот за донации и спонзорства и низа други важни прашања за секторот. Започна и процесот на застапување за измени за Законот за сметководство на непрофитните организации преку првата анализа што ја подготвија нашите партнери од Центарот за даночна политика. Последователно, на 15.10.2018 повеќе од 46 претставници на стручни засегнати страни дискутираа за тоа какви промени се потребни на овој закон.

Во процесите на застапување ги вклучивме помалите и грас рут организаци. Во соработка со партнерите ги информиравме за промените на Законот за персонален данок на дохот и како да ги документираат новите законски измени. Дополнително, на 21.12.2018 г. се одржа првиот локален форум во Битола посветен на измени на Законот за донации и спонзорства и улогата на граѓанскиот сектор како работодавач. Следната година ќе се продолжи со овие важни процеси.



Во текот на 2018 се работеше и на градење на капацитетите на граѓанските организации со посебен акцент на помалите. Се одржаа низа работилници за финансиско планирање, креирање меѓу-секторски партнерства и комуникации кои беа спроведени во соработка со Фондација Аполонија и Центарот за даночна политика.



Овие активности се дел од проектот „Промеини за одржливост“ финансиран од Европската Унија. Негова важна компонента е и поддршка со грантови. Во 2018 на два јавни повика до граѓанските организации (ГО) на кои се вкупно примени 139 апликации додели се 16 грантови. 8 корисници на грант се од Скопскиот регион, 2 од пелагонискиот, 2 од Вардарскиот и по еден од Североисточниот, Источниот и Југоисточниот. Ре-грантирањето низ критериумите обезбеди предност на помали и „грас-рут“организации. 14 организации корисници на грант (87,5% од доделените грантови) остварile приходи под 50.000EUR во минатите 2 години. За повеќе информации преземете го <<прегледот на доделени грантови>>

Грантовите обезбедуваат поддршка на

- проекти имплементирани со меѓу-секторско партнерство помеѓу ГО и партнери од бизнисот кои имаат специфична улога во проектот и го поддржат со обезбедување на ресурси и директно вклучување за успешна имплементација.
- модели за локално прибирање ресурси на ГО кои мобилизираат на локални ресурси за одржливост на нивните иницијативи и резултати.



Во 2018 се одржаа 2 работилници за корисниците за грант кои им помогнаа во нивните иницијативи за и менаџирањето на грантот. Овие активности се дел од проектот „Промени за оддржливост“ финансиран од Европската Унија.

VII. Глобален договор на Обединетите нации

Глобалниот договор на обединетите нации е најголемата светска иницијатива за општествена одговорност на претпријатија. Околу десетте принципи на оваа иницијатива поврзани се над 12.000 доброволни учесници од 170 земји во светот. Конект е секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации.

Известување за вклученост

Согласно политиките за известување на Глобалниот договор на Обединетите нации членките кои не припаѓаат на бизнис секторот имаат обврска да поднесат Известување за вклученост. Во рамки на својот извештај за 2018г. Конект известува за својата вклученост во иницијативата и за поддршката на принципите на Глобалниот договор. Описот на горенаведените активности во рамки на проектот „Градење меѓусекторски партнерства за одржлив развој“ во најголем дел се поврзани со поттикнување на општествената одговорност и активно вклучување на бизнис секторот во непрофитни цели и градење партнерства.

Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција

Македонската мрежа на ГД е првата мрежа во земјата целосно посветена на подобрување на општествената одговорност. Формирана во 2004 година, Мрежата е активна повеќе од една деценија. Сочинета е од компании, граѓански организации и други членови од кои 16 со активно членство на меѓународно ниво. Секретаријат е Здружението Конект што како организација чијшто фокус е општествената одговорност на претпријатијата, активно работи на градењето на Мрежата и на промовирање на нејзините принципи. Како

секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор претставуваме контакт центар за членките; поттикнувач на активности и промотор на нејзините принципи.

„Мисијата на Конект е тесно сврзана со имплементацијата на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации во областа на: човековите права,трудот, животна средина и борба против корупцијата. Во Конект со секој работен ден ја изразуваме континуираната поддршка, заложба, но и реална практика за зацврстување и примена на овие принципи. Дел од идентитетот на Конект стана тоа што е Секретаријат на македонската мрежа на глобалниот договор. Нѝ претставува чест што ги координираме активностите на Мрежата и активно придонесуваме за нејзиниот развој. Со своите активности и залагања Македонската мрежа придонесе за подигнување на свеста во бизнис заедницата и кај институциите дека сите подеднакво сме одговорни за примена на принципите на Глобалниот договор. Развојот на компаниите и развојот на заедницата се обврска на секој чинител и тој принцип ние се обидуваме да го прошириме, бидејќи само со заедничка и синхронизирана акција можеме да очекуваме долгорочен развој на сите сегменти од нашето живеење. “

Никица Кусиникова

Контакт лице на Македонската мрежа на ГД

Извршна директорка на Конект

Конект како Генерален секретаријат на Мрежата на Глобалниот договор на ОН тековно е во комуникација и им нуди поддршка на фирмите членки за подготвување на извештаите за напредок во областа на општествената одговорност. Во изминатата година Конект вршеше менторирање на една компанија за подготовка на нивниот извештај за напредок за 2017-та година.

Во овој период Конект обмисли и програма за корпоративно волонтирање за една голема компанија за којашто во идниот период ќе се дефинираат деталите и ќе се започне со имплементација.

Вклучување на бизнис заедницата во активности поврзани со ООП и Глобалниот договор

Конект континуирано ги вклучува членките на Глобалниот договор на ОН и поширокаta бизнис заедница во своите активности. Нашите активности директно поврзани со корпоративна филантропија, ООП и градењето партнерства поддржани од бизнис заедницата како релевантна засегната страна. Дополнително, во своите активности за едукација на бизнис секторот секогаш се вклучени и аспектите поврзани со Глобалниот договор на ОН.

Промоција на бизнисот и човековите права

Компаниите членки активно се вклучија во иницијативата на конект за истражување и дијалог за состојбите на бизнисот и ќовековите права. Дел од нив користат и поддршка од Конект за унапредување на родовата еднаквост и недискриминација преку стандардот MAMFORCE.

Поттикнување на користење на Целите за одржлир завој како платформа за меѓу-секторски дијалог

Конект во соработка со другите членки се вклучи во мапирање на приоритетните цели за одржлив развој по региони. Оваа година активно ја употребиовм платформата на 17те цели како можност за доведување на бизнисот во нова ера и димензија на долгорочен план.

Поддршка за креирање на извештаи за општествена одговорност

И оваа година обезбедивме менторство на компаниите членки кои известуваат за својот напредок во имплементацијата на 10те принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации.

ул. „Владимир Полежиновски” 19-1/6,
1000 Скопје, Македонија
тел**:** +389 2 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk
www.konekt.org.mk

www.konekt.org.mk/blog
www.donirajpametno.mk
http://konekt.org.mk/volonterstvo/